| European Bank for Reconstruction and Development | OHRIDSKA BANKA SOCIETE GENERALE GROUP |
|---|---|
| Контакт: Аксел Реисерер<br>Телефон:+ 44 20 7338 6741<br>Е-маил: reiserea@ebrd.com | Контакт: Светлана Штерјова<br>Телефон: + 389 2 3203 732<br>Е-маил: svetlana.sterjova@ob.com.mk |
| **ЗА ИТНА ОБЈАВА** | |


Дата: 10 мај 2013

# ЕБОР ќе кофинансира македонски компании заедно со Охридска банка

ЕБОР обезбедува 5 милиони евра за поддршка на деловните активности на клиенти на Охридска Банка

-------------

ЕБОР ги поддржува напорите на Охридска Банка Сосиете Женерал за зголемување на кредирањето на македонскиот корпоративен сектор со средства во износ од 5 милиони евра, кои треба да бидат доделени под програмата наменета за ко-финансирање на претпријатија од средна големина MCFF. Ова е прв пат една македонска банка да добие средства од оваа програма, која нуди и техничка помош за покривање на дел од правните трошоци и консултантски услуги.

MCFF е креирана за да им помогне на локалните партнерски банки (ПБ) во задоволување на финансиските потреби на успешни претпријатија од средна големина, што е често ограничено од лимитите за изложување кон еден клиент, наметнати од Централните банки или од сопствените внатрешни регулативи на банките кои се стремат да ги менаџираат концентрациите на кредитните потфолија.

Од тие причини, MCFF ќе ѝ овозможи на Охридска банка да ги задоволи потребите на постоечките и идни клиенти, за поголеми износи на кредити и подолг рок, потпирајќи се на капацитетите за ко-финансирање од страна на ЕБОР.

Елена Урумовска, Претставник на ЕБОР за Македонија истакна: „Ни претставува задоволство да го потпишеме овој договор со Охридска банка денес, бидејќи истиот се надоградува на нашите постоечки силни деловни врски, кои сме среќни и понатаму да ги продлабочуваме. Покрај поддршката за развој и раст на Охридска банка, нашето финансирање ќе овозможи и поттикнување на локалната економија, осврнувајќи се на клучните предизвици, како што е пристапот до финансирање и споделување на ризици."

Филип Котора, Член на Управниот одбор на Охридска банка додаде: „Посткризниот период бара компаниите во Македонија да ги надградат нивните производни капацитети, со цел да навлезат и да обезбедат снабдување на извозните пазари со висок потенцијал, со што паралелно ќе остварат одржлив раст. Новите инвестиции во индустриски и технолошки капацитети, можеби ќе бараат координирана кредитна поддршка од повеќе од една банка. Финансирањето од повеќето извори или синдицираното финансирање сеуште не се карактеристични за македонското банкарство, и од тие причини MCFF преку Охридска банка и ЕБОР, воспоставуваат модел кој другите можат да го следат."

Од почетокот на работењето во Македонија, ЕБОР има инвестирано околу 1.1 милијарди евра во земјата, во над 80 проекти во корпоративниот, енергетскиот, инфраструктурниот сектор и во финансиските институции.

###

ЕБОР, во сопственост на 64 земји и две меѓувладини институции, го поддржива развојот на пазарните економии и демократии. Следете нé на *web*, *Facebook* *и* *Twitter*